**ПРЕДЛАГАЧ:**
**Градоначалник на Општина Центар**
**Саша Богдановиќ**

**ИЗГОТВУВАЧ:**
**Одделение за здравствена,**
**социјална заштита и заштита на деца**
**- Сектор за јавни дејности**

**ПРЕТСТАВНИК: Јулијана Шалева**
**Раководител на Одделение**

# ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ЗДРАВСТВЕНА, СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА И ЗАШТИТА НА ДЕЦА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

Скопје, 2018 година

**Содржина**


1. **ВОВЕД** .......................................................................................................... 3
2. **НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА** ......................... 3
3. **ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ** ................................................................ 3

**3.1 Општо – целни групи** ........................................................................................ 3

**3.2 Крајни корисници** ............................................................................................. 4

4. **ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА** ........................................................... 4

**4.1 Основни цели/приоритети** ................................................................................ 4

**4.2 Специфични цели/приоритети** ........................................................................ 5

**4.3 Одговорни сектори и одделенија** .................................................................... 6

**4.4 Поврзаност со други области и сектори** ......................................................... 6

5. **ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА** ....................................................... 6

**5.1 Проекти** ............................................................................................................. 6

**ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА** ..................22

## 1. ВОВЕД

**Законски рамки според кои се подготвува самата програма:**

- Закон за локалната самоуправа, член 22 став 1 точка 7 од („Службен весник на РМ" бр. 5/02),
- Закон за социјална заштита, член 11 од („Службен весник на РМ" бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14, 180/14, 150/15, 192/15, 33/15, 72/15, 104/15, 173/15, 30/16) и од
- Статутот на Општина Центар-Скопје, член 26

**Стратешки документи:**

- Национална Програма за развој на социјална заштита

Основни начела и принципи во системот на социјална заштита
Основни начела врз кои се заснова социјалната заштита се:

1. Социјална праведност и солидарност;
2. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
3. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

Во функција на имплементацијата на законите од областа на социјалната и детската заштита што важат во Република Македонија, Општина Центар-Скопје подготви Програма за соодветно и успешно обезбедување социјална заштита за своите граѓани со развивање и реализирање на најразновидни форми и облици на социјални активности според потребите на граѓаните што живеат во нашата Општина.

Со Програмата за социјална и заштита на деца се продлабочува и се унапредува системот на социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните на локално ниво.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМАТА

Предлог-проектите што се содржани во Програмата се подготвени во координација со директорите на градинките, со претставниците од Советот на Општина Центар-Скопје и со Одделението за социјална и здравствена заштита и заштита на деца. Исто така користена е алатката за истражување/анкетирање која ја спроведе Центарот на заедницата на општина Центар. Резултатите и препораките од ова истражување се имплементирани во оваа програма.

## 3. ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

### 3.1 Општо – целни групи

Општина Центар – Скопје, преку своите програмски активности е должна да оствари здравствена, социјална и заштита на деца на следниве категории на граѓани: лица со инвалидност, деца/ млади без родители и родителска грижа, деца/млади со попречености, деца/млади со воспитно-социјални проблеми, деца/млади од еднородителски семејства, лица изложени на социјален ризик, лица што злоупотребуваат droги, други психотропни супстанции и алкохол, лица жртви на било каква форма на насилство и трговија со луѓе, старите лица без семејна грижа, невработени лица, лица од различни етнички заедници, самохрани родители и

деца од еднородителски семејства; и сето тоа преку вонинституционални и институционални облици на социјална заштита, домување, како и подигнување на свеста на населението за потребите од обезбедување здравствена, социјална и заштита на деца

### 3.2 Крајни корисници

- Стари лица
- Новородени деца во тековната година
- Лица жртви на насилство
- Лица во социјален ризик
- Невработени лица
- Лица од различни етнички заедници
- Самохрани родители и и деца од еднородителски семејства
- Лица со посебни потреби
- Деца опфатени во предучилишните установи (детски градинки)
- Кадри вработени во предучилишните установи (детски градинки)

## 4. ЦЕЛ (или ПРИОРИТЕТИ) НА ПРОГРАМАТА

### 4.1 Основни цели/приоритети

**Основни начела и принципи во системот на социјална заштита**
**Основни начела** врз кои се заснова социјалната заштита се:

4. Социјална праведност и солидарност;
5. Давање посебна заштита на немоќни и неспособни за работа;
6. Посебна грижа и заштита на семејството и на децата без родители и родителска грижа.

**Носители на социјална заштита** се Републиката, Општината, Градот Скопје и општините во Градот Скопје.
Паралелено со процесот на децентрализација на надлежностите во социјалната заштита од централно ниво на локално ниво, се одвиваат и процесите на плурализација и деинституционализација во социјалната заштита. Овие процеси се тесно врзани меѓу себе и тие се еднакво значајни за подобрување на социјалните услуги за граѓаните. Зајакнувањето на мрежата на услугите што ги даваат здруженијата на граѓани, правни и физички лица е услов за успешно и посоодветно спроведување на децентрализацијата. Во развојот и во унапредувањето на мрежата на социјални услуги во процесот на деинституционализација и реализирање на програмите за социјална заштита неопходно е Општината:

- Да развива и да ја јакне соработката меѓу владините и невладините институции што вршат работи во област на социјалната заштита;
- Да донесува развојни програми од областа на социјалната заштита;
- Да развива сервисни услуги и форми на вонинституционална заштита, центри за дневно и повремено прифаќање на мали групни домови, развивање на мрежа за згрижувачки семејства и многу други активности.

Поради тоа, Општина Центар-Скопје има обврска да ја развива и да ја унапредува социјалната заштита, при што на своите граѓани ќе им обезбеди социјална помош и социјални услуги кога тие не се во можност самостојно да ја остварат својата социјална сигурност.

Во остварувањето на надлежностите Општина Центар-Скопје е одговорна за:
- Донесување развојни програми за социјална заштита;
- Основање јавни установи за социјална заштита;
- Развивање на вонинституционални форми за социјална заштита;
- Развивање на социјални програми во соработка со другите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и со невладините организации.

**Вредности и принципи врз кои се темели Програмата** на Општина Центар-Скопје за здравствена, социјална и заштита на деца се:
- *Најдобри интереси на корисниците* - давање услуги што во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците при што се почитуваат човековите права и достоинство;
- *Достапност на услугите на корисниците* - обезбедување услови и развивање услуги за да може граѓаните приоритетно да ги задоволуваат своите потреби во средината во која живеат, на локално ниво;
- *Партиципација, одговорност и самостојност на корисниците* - обезбедување учество на корисниците во донесувањето одлуки за начинот на задоволување на потребите и продуктивен живот во заедницата;
- *Континуитет на заштита и можност за избор на услуги и даватели на услуги* - развивање разновидни услуги во рамките на јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес што е од особено значење за граѓаните на Република Македонија бидејќи со неа се дефинира системот на политички мерки и активности со кои треба да се спречат и да се надминат основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот.

Токму затоа социјалната заштита во Општина Центар-Скопје се темели на навремена, праведна, ефективна и транспарентна испорака на општинските социјални услуги што придонесува за социјална еднаквост меѓу граѓаните на Општината.

Основна цел на оваа Програма е развој на интегриран, транспарентен и ефективен систем на социјална, здравствена заштита, кој ќе обезбеди достапни, ефикасни и квалитетни мерки и услуги креирани според потребите на корисниците што живеат на територијата на Општина Центар-Скопје. Исто така, оваа Програма цели кон реализација на активности за заштита на децата, правото на секое дете да се вклучи во институционален облик на воспитно-образовната работа, притоа задоволувајќи ги нивните развојни потреби, потребите на семејството и општеството во целина.

Реализирањето на Програмата ќе се спроведе со низа активности од различни области во рамките на социјалната, здравствената и детската заштита, одредени во Програмата.

### 4.2 Специфични цели/приоритети

- Унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање иво донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали;

- Развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на Општина Центар-Скопје;
- Зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување на нови видови социјални услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно доставување;
- Продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита;
- Овозможување сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиската околина;
- Здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање свест за општествена одговорност кај децата и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина;
- Продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сè, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали;
- Развивање концепт заснован врз добри и јасно прецизирани принципи за детско воспитание и образование, пред сè, раководејќи се според принципите на Програмата за рано учење и развој;
- Подготовка на детето за продолжување на образованието во основното училиште преку разни културни, еколошки, креативни и други манифестации;
- Почитување и вреднување на трудот на стручните тимови што работат на унапредување на квалитетот, како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата.

### 4.3 Одговорни сектори и одделенија

- Сектор за јавни дејности
- Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

### 4.4 Поврзаност со други области и сектори

- Сектор за финансиски прашања
- Сектор за поддршка на Градоначалник, Одделение за односи со јавност
- Одделение за образование, млади и спорт
- Одделение за култура

## 5. ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

### 5.1 Проекти

1. ***ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА ШТО СЕ РОДЕНИ ВО ТЕКОТ НА 2019 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ***

Во рамките на своите активности, Општина Центар-Скопје и оваа година ќе продолжи со реализацијата на позитивниот исход за остварување на правото за користење на парична помош за новороденче во 2019 година. Еднократниот паричен надоместок изнесува 7.000 денари и ќе се дава за секое новородено дете во текот на 2019 година, чии родители се со постојана адреса на живеење или престојување на територијата на Општина Центар-Скопје.
Барањето за користење на оваа помош со потребната документација, која ќе го потврди раѓањето на детето, се поднесува во архивата на Општина Центар, најдоцна до наполнети 6 месеци на детето. Право на доделување на парична помош се остварува за секое новороденче, како и во случај на повеќе новородени деца одеднаш.
Барањето за остварување на право на парична помош за новороденче, кое го дава Општината го има во електронска форма на веб страницата на Општината.
Со ова продолжува трендот, секое семејство кое ќе добие принова, а се жители на Општина Центар да добие парична помош за новороденче. Новиот член е најголема радост за секое семејство. Општина Центар со оваа активност, покажува дека се грижи за најмладите жители и дава поддршка на родителите. На овој начин не само што се помагаат семејствата со принова, туку Општината добива и евиденција за новородените деца во Општина Центар-Скопје на годишно ниво, а со оглед на фактот дека оваа активност се реализираше и во претходните неколку години, може да се утврди и дали постои тренд на пораст или на намалување на бројот на новородени деца во локалната самоуправа. Исто така, увидот во бројот на новородени деца на годишно ниво е од голема придобивка и за детските градинки на територијата на Општината бидејќи на тој начин и тие може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.
На почетокот на 2019 година, во Општина Центар ќе одржи настан, каде на родителите на новороденчињата кои се родиле на почетокот на годината ќе им се доделат бебешки пакетчиња со хигиенски прозиводи и честитки.

**Целни групи:**
- Родителите како и нивните новородени деца, укажувајќи на важноста како идни граѓани што придонесуваат за развој на заедницата.

**Време на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Одговорен за реализација:** Одделение за социјална, здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар

**Очекувани резултати:**
- Парична помош за младите семејства кој имаат нов член или членови во семејството.
- Евиденција на новородени деца во Општина Центар-Скопје на годишно ниво
- Детските градинки што се на територијата на Општина Центар ќе може да го планираат опфатот на деца за секоја календарска година.

**Буџет: 2.500.000,00 денари**

## *2. ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ПОВОЗРАСНИТЕ ЛИЦА И НИВНО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ*

Стареењето на популацијата, само по себе, наметнува голем број нови квалитативни и квантитативни здравствени, економски и социјални проблеми. Стареењето влијае врз економскиот пораст на една држава, врз штедењето, инвестициите, производството, пензиите, работната сила, меѓугенерациските трансфери и даноците, како и врз структурата на

семејството, уредувањето на животот, миграционите трендови, побарувачката на домаќинствата, здравствената заштита и епидемиологијата. Едноставно нема сфера во општествениот живот во која не можат да се почувствуваат последиците на демографското стареење.

Но имајќи го предвид процесот на децентрализација со кој локалната самоуправа се здоби со надлежности што порано беа дел од централната власт, постои законска обврска (почнувајќи од 2006 година) овој проблем да се третира и на локално ниво.

Имено, од вкупниот број жители што живеат на територијата на Општина Центар-Скопје (45.170 жители), популацијата на повозрасни лица над 65 години опфаќа 7.897 жители или 17,5% од вкупниот број жители во Општината.

Токму затоа во Општина Центар-Скопје досега се отворени и неколку клуба за пензионери што може да претставуваат значаен ресурс што ќе се користи за понатамошни активности. Голем дел од предвидените активности ќе може да се реализираат во просториите на постојните клубови на пензионери, како дружење, воведување активности од интерес на пензионерите за користење на нивното слободно време, организирање натпревари во шах или слични дисциплини меѓу пензионерите од исти или од различни разграноци итн.

Исто така, со оглед на тоа што повозрасните лица имаат потреба за активно учество и вклучување во општествениот живот, потребно е и нивно поттикнување преку:

- *Искористување на искуството на старите лица и нивно вклучување вокреирањето политики и донесувањето одлуки на локално ниво;*

- *Зголемување на достапноста до културни настани;*

- *Воведување и спроведување програми за активно користење на слободното време;*

- *Поттикнување на старите лица на самоодржување и водење активен здрав начин на живот преку зголемена физичка активност и спорт и културни и спортски натпревари соодветни за нивната возраст.*

**А)Обезбедување простор и покривање на режиски трошоци за пензионерски клубови**

Општината го обезбедува просторот на веќе постоечките Клубови и ги покрива трошоци за комуналии за истите, и тоа за следниве 6 клуба: Мирче Ацев (Пошта), Невена Георгиева Дуња (Капиштец), Боро Петрушевски Папучар (Водно), Мирче Мацан (Веро Џамбо), Роберт Гајдиќ (Зелен Пазар) и Миле Арсовски (Универзална сала).
Со оваа активност на пензионерите во Општина Центар-Скопје им се обезбедува простор што изобилува со содржини што за нив ќе бидат интересни места што ќе претставуваат катчиња каде што ќе се среќаваат, ќе се дружат и квалитетно ќе го минуваат слободното време. Со поддршката на пензионерските клубови и организација на активности Општината ќе ја покаже потребната грижа и помош за оваа категорија граѓани, со цел да ѝ се овозможи колку што е можно поудобен живот на на оваа категорија граѓани.

**Б) Организација на активности во рамките на клубовите на пензионери**

Со оглед на тоа што повозрасните лица имаат потреба за активно учество и вклучување во општествениот живот, потребно е и нивно поттикнување преку:
- Искористување на искуството на старите лица и нивно вклучување во креирањето политики и во донесувањето одлуки на локално ниво;
- Зголемување на достапноста до културни настани;
- Воведување и спроведување програми за активно користење на слободното време;
- Поттикнување на старите лица на самоодржување и водење активен здрав начин на живот преку зголемена физичка активност и спорт и културни и спортски натпревари приспособени на нивната возраст.

**Целни групи:**
- Повозрасните лица над 60 години (пензионери) од шесте (6) клуба: Мирче Ацев (Пошта), Невена Георгиева Дуња (Капиштец), Боро Петрушевски Папучар (Водно), Мирче Мацан (Веро Џамбо), Роберт Гајдиќ (Зелен пазар) и Миле Арсовски (Универзална сала).

**Време на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Очекувани резултати:**
- Унапредување на квалитетот на живот на оваа категорија граѓани

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар

**Буџет: 700.000,00 денари -** Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

### *3. СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА*

Имајќи ја предвид статистиката што вели дека во Општина Центар-Скопје околу 20% од населението се граѓани на возраст над 60 години, разбирлива е потребата на Општината да реализира активности што конкретно се насочени кон овие граѓани.

Согласно со активностите предвидени во **Националната стратегијата за стари лица**
Да се обезбеди континуирана грижа за стари лица во следниве сегменти:
- Дневно опслужување на основните потреби на овие граѓани
- Обезбедување примарна медицинска помош и медицински совети

**Функционирање на Сервисот за стари лица**
Според податоците добиени со изработката на социјалната карта на територијата на Општина Центар-Скопје, во 2014 година 15,3% од вкупното население биле лица на возраст над 60 години и 631 лице на возраст над 65 години. Во Општината има вкупно 15.269 (2015) корисници на пензиско осигурување. Просечната пензија на територијата на Општина Центар-Скопје изнесува 12.463,00 денари. Многубројните теренски истражувања покажаа дека има огромна потреба, а во согласност со тоа и побарувачка за негуватели за стари лица во домашни услови од семејствата во Општина Центар-Скопје. Главни предизвици со кои секојдневно се соочуваат старите лица се: неможност да ги извршат секојдневните активности поради старост, неподвижност и болест, влошена здравствена состојба и немање асистенција при посета на

лекар, немање помош иподдршка при снабдувањето на основните прехранбени производи, немање средства за ангажирање негувател во домашни услови и сл.

Општина Центар-Скопје, имајќи ги предвид овие информации и ситуацијата во која се наоѓаат старите лица, нуди помош и поддршка на најзагрозените лица во вид парична субвенција за ангажирање негувател за старото лице преку специјализиран провајдер на услуги и се планира со оваа активност да се продолжи како добра практика и во текот на 2019 година.

Планирано е со проектот „Центар се грижи за повозрасните" месечно да се опфатат околу стотина лица/корисници (станува збор за варијабилна бројка заради специфичноста на категоријата корисници) што би ги добивале следниве услуги:

• помош во извршувањето на секојдневните активности (купување, подготовка на храна, одржување на просторот, лична хигиена, кај изнемоштените стари лица ќе се врши и утринска и делумна тоалета),

• обезбедување основна помош во мобилност, лесни масажи, физички вежби, раздвижување,

• задачи од медицински аспект (носење на здравствени прегледи, контрола на крвниот притисок, набавка на лекови и водење грижа за навремено земање на терапијата),

• психосоцијална поддршка (помош во исполнувањето на социјални, културни, забавни и други потреби, одржување социјални контакти и соодветни активности во локалната заедница).

Со проектот ќе биде ангажиран следниов персонал: 15 обучени негуватели и еден физиотерапевт. Во тимот ќе биде вклучен и социјален работник што ќе води евиденција за досиејата на сите корисници и ќе биде задолжен за подготвување индивидуален план за работа на негувателите.

Работното време на негувателите ќе биде организирано од понеделник до сабота само прва смена и најдоцна до 16 часот. Предвидено е секој негувател во текот на денот да оствари посета на тројца корисници кај кои ќе биде по два часа. Секој корисник ќе биде посетен по трипати во неделата по два часа.

Во рамките на проектот е вклучен и физиотерапевт што остварува посети кај корисниците (во согласност со нивните потреби и состојбата во која се наоѓаат) двапати во неделата по еден час во договор со корисникот. Физиотерапевт ќе добијат само оние корисници што имаат потреба од тоа според лекарски наод и со потврда од социјалниот работник дека на терен има реална потреба за тоа. Корисниците што сакаат физиотерапевт не можат истовремено да имаат и негувател, се добива една услуга или физиотерапевт или негувател. Тоа може да се избере според приоритетните потреби.

**Целни групи:**
- Невработените лица што се здобиле со сертификат за негувател во домашни услови
- Старите лица што се опфатени со проектот и нивните семејства како крајни корисници

**Очекувани резултати:**
- Подобри услови за квалитетен живот и достоинствено стареење

**Време на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Реализатор:** Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца - Општина Центар, граѓански организации, здруженија на граѓани и НВО

**Буџет: 4.500.000,00 денари**

## *4. ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ*

Остварувањето на ова право на финансиска помош е регулирано со Правилникот за постапката за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, со кој се утврдуваат условите, начинот и постапката за користење финансиски средства што се наменети за остварување право на финансиска помош и поддршка на жители на Општина Центар-Скопје, кои се предвидени во Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца, кои се нашле во акутен социјален ризик и тоа:

- Лица со здравствен проблем (кои доставиле доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето);
- Еднородителски семејства во социјален ризик (поради неплатена алиментација, долготрајност на бракоразводната постапка, недостиг од родител заради смрт или издржување затворска казна).

За утврдување на постапката и остварување на правото на финансиска помош и поддршка надлежна е Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца при Советот на Општината.

Право на користење на овие финансиски средства имаат физички лица што се жители на Општина Центар-Скопје, припаѓаат на социјално загрозените групи, а ги исполнуваат следниве критериуми:

- за здравствен проблем лицето треба да достави доказ/сметки за направени трошоци за лекување за последните три (3) месеци од денот на поднесувањето на барањето;
- за помош при лекување заедно со барањето се доставува уредна документација што не е постара од шест (6) месеци;
- за помош на еднородителски семејства во социјален ризик треба да се достави (во зависност од ситуацијата): извод од Матична книга на родените, извод од Матична книга на умрените - за родител, доказ од Министерството за внатрешни работи дека родителот е исчезнат и/или доказ од Министерството за правда дека лицето издржува затворска казна подолго од шест (6) месеци.

И услови:

- подносителот на барањето да има адреса на живеење во Општина Центар-Скопје;
- подносителот на барањето може да го оствари правото на финансиска помош и поддршка само еднаш во текот на календарската година.

Распределбата на финансиските средства се одвива на квартално ниво, почитувајќи го принципот на солидарност, во зависност од расположливите средства во Буџетот за кварталниот период. Притоа, максималниот износ кој може да го одобри Комисијата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца (која е надлежна за разгледување на овие пристигнати барања), по одобрено барање нема да биде повисок од 30.000,00 денари.

За барањата за финансиска помош во износ што е повисок од 30.000,00 денари Градоначалникот, по барање на надлежната Комисија, предлог-одлуката ќе ја проследи на одлучување до Советот на Општина Центар-Скопје.

**Целни групи:**
Корисници на социјална парична помош кои се со постојано живеалиште на територија на Општина Центар
Жители на Општината со влошен социјален статус
Жители на Општината кои имаат влошена или загрозувачка здравствена состојба

**Период на реализација:** Тековно, низ целата календарска година

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

**Буџет: 2.500.000,00 денари**

### *5. ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ*

Станува збор за проект што се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Ромскиот едукативен фонд, а се однесува на инклузија на деца Роми на возраст од 4 години и 8 месеци до 5 години и 7 месеци, кои се жители на Општина Центар-Скопје, а претходно не биле опфатени со предучилишниот образовен процес.
Целта на проектот е подобрување и поддршка на интеграцијата и намалување на запоставеноста на децата Роми со зголемување на нивниот број во јавните општински установи една година пред поаѓање во основно училиште.
Имајќи ја предвид важноста на процесот на интеграција на децата во образовниот систем и неговото влијание врз нивниот личен и социјален развој, Општина Центар-Скопје ќе се вклучи во проектот преку покривање на трошоците за превоз на децата од нивните домови до детската градинка и обратно.
Предвидено е овој проект да се спроведува во детската градинка „Раде Јовчевски Корчагин" во Општина Центар-Скопје и во 2019 година со него ќе бидат опфатени до 20 деца од ромска националност што се жители на Општината.

**Целни групи:**
- Максимум 20 деца од ромска националност што се жители на Општината

**Очекувани резултати:**
- Максимум 20 деца Роми интегрирани во предучилишното образование

**Реализатор:**
- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** во континуитет

**Буџет: 0,00 денари**

## *6. НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И СТРУЧНИ (СО)РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ*

Главната улога во поставувањето на темелите на воспитување и образување на секој поединец во првите шест години од животот, покрај родителите, ја има професионалниот кадар што работи во предучилишното образование, со особен акцент на воспитувачките и на негувателките, како и стручни служби (социјален работник, психолог, педагог, музички педагог, дефектолог, логопед, професор по физичко вопситување) од детските градинки.
Нивната основна работа со децата е продлабочување на сите активности за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сѐ, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали.
Од тие причини Општина Центар-Скопје, како и минатата година, така и оваа сака да ги мотивира сите учесници во згрижувањето, негата и воспитувањето на децата од предучилишна возраст, односно негувателките, воспитувачките и стручните (со)работници од сите градинки на Општина Центар-Скопје, вклучувајќи ги и клоновите и да ги награди за нивната посветеност во работата. Наградата е во висина на една просечна месечна нето-плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци.
Сметаме дека на тој начин ќе ги поттикнеме стимулот и мотивацијата кај негувателките и воспитувачките за уште поголема ангажираност во работата со деца.
Постапката за избор на најдобар воспитувач, негувател и стручен (со)работник на ниво на секоја работни единица и објект во рамки на секоја од трите градинки ќе се одвива со следнава динамика:

- Воспоставување на Комисијата за избор на најдобар воспитувач, негувател и стручен (со)работник (членови: двајца претставници од редот на општинска администрација, кој работат во Секторот за јавни дејности, како и еден претставник од Советот на Општина Центар – Скопје – по предлог на Градоначалник;
- Секоја работна единица доставува предлог од по тројца кандидати за воспитувач и негувател, а на ниво на една детска градинка се доставува предлог за тројца стручни соработници. Предлогот предвидува професионална биографија за кандидатот, потврда за учество на обуки, семинари и други активности за стручно усовршување, потврда за учество во проекти и организација на проекти и манифестации
- Комисијата ги разгледува пристигнатите предлози и врз основа на претходно дефинираните Критериуми за избор на трите категории одлучува за финалниот избор.

Доделувањето на сертификати за најдобрите се реализира на завршна манифестација со пригодна програма организирана од страна на градинката домаќин.

**Целни групи:**

- Воспитен кадар од детските градинки во Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Мотивирани негувателки, воспитувачки и стручни (со)работници за нивна ангажираност и посветеност во работата со деца, како и поголема креативност и жеба за вклучување на различни проекти и дополнителни активности

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** Февруари 2019 – Јуни 2019

**Буџет: 500.000,00 денари**

## *7. КРЕИРАМЕ – СОЗДАВАМЕ !*

„Креираме - Создаваме" претставува активност што предвидува целосна вклученост на децата при осмислувањето и создавањето на заеднички предмет, украс, приказна, честитка на тема која ќе прозилезе од нивните жеби и потреби. Оваа активност, предвидено е да се одвива во текот на целата година во неколку фази, е да се поттикне креативниот дух кај децата и да се земат предвид нивните желби и потреби усогласени со можностите што ги нуди детската градинка, односно да им се овозможи на децата „да осмислат и создадат" нешто по нивна мерка.

Сето ова е предвидено бидејќи креативноста не треба да биде потценета. Креативноста кај децата е многу важна бидејќи помага да се учат когнитивните вештини и научното размислување, да ги развијат концентрацијата и когнитивното учење, обезбедува многу можности за изразување на емоциите и работење преку овие емоции за постигнување олеснување и нивно разбирање.
Имајќи предвид дека креативноста не е наследна карактеристика и не е талент што го поседуваат само некои деца, јасно е дека треба да им се создадат услови за да ја развиваат. Секое дете може биде креативно ако родителите/воспитувачите вложуваат труд и му создаваат услови за да може да ја користи својата имагинација.

На претходно поставена тематика, на децата од детските градинки ќе им биде дадена можност заедно со своите воспитувачки и негувателки за создадат предмет или некој друг вид на симбол како што тие ќе го замислат. Целта е при креирањето/осмислувањето и реализација на нивната идеја да бидат земени во предвид предлозите на децата и притоа да бидат користени материјали (хартии, боички, пластични предмети, волница, капачиња итн.) со кои веќе распола работниот обејкт, без да се имплицираат дополнителни финансиски трошоци. Секоја градинка може да предложи по три рачно изработени предмети од детските рачиња, кои на завршна манифестација ќе бидат изложени и оценети од претходно формирана Комисија за што ќе бидат доделени адекватни награди. Притоа за секој изложен објект (без оглед дали станува збор за предмет, приказна со илустрации или некоја друга идеја) ќе треба да биде вклучена и презентација за начинот на кој е изработен, какви материјали се користеле, кој бил вклучен во изработката и која е „приказната" која ја пренесува и раскажува изработениот објект.

Изборот ќе биде направен врз основа на иновативноста и креативноста на изработениот предмет, искористени материјали и приказната која ја раскажува тој предмет.

Изборот на најкреативно создаден објект ќе биде спроведен од страна Комисија за избор на најкреативна изработка и тоа на денот на извршената изложба/презентација а прво, второ и трето наградените изработки ќе добијат соодветни награди.

**Целни групи:** деца од детските градинки од Општина Центар

**Очекувани резултати:**
- Поттикната креативност и творечки дух кај децата од детските градинки

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** во текот на календарската година

**Буџет**: **100.000,00 денари** - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

### *8. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ЗДРАВА ХРАНА*

Светскиот ден на храната е ден на акција против гладот што на 16 октомври се одбележува секаде низ светот, при што се реализираат различни активности со кои ќе се развие свеста за значењето и за ценењето на храната, како природен извор на енергија и здравје. Имено, имајќи ја во предвид придобивката, од консумирањето здрава храна и од формирањето здрави навики во исхраната уште од најмали нозе,

Цел на активноста е информирање и стекнување знаења, формирање соодветно однесување во однос на здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај пошироката популација.

**Целни групи:** децата од детските градинки во Општина Центар-Скопје

**Очекувани резултати:**

- Зголемена информираност и стекнати знаења за здравите и правилните навики во исхраната, особено кај децата и кај младите, а со тоа индиректно и кај пошироката популација

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** септември - октомври 2019 година

**Буџет: 60.000,00 денари -** Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

### *9. ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА*

Обезбедувањето здрава и чиста средина за децата подразбира одржување хигиена на оптимално ниво. Современите услови на живеење бараат користење на голем број средства за одржување на хигиената кај децата, просториите за дневен престој, чајните кујни, тоалетите и сл.

Досега родителите на децата беа ангажирани делумно да ги помагаат градинките со тоа што обезбедуваа течен сапун, тоалетна хартија и други средства за лична хигиена за своите деца, како што се пелени, влажни марамчиња и сл. Ова е втора година како Општина Центар-Скопје ќе придонесува да се намали трошокот на родителите за децата во градинка.

**Целни групи:** деца од детските градинки од Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Обезбедување хигиена на оптимално ниво во детските градинки
- Набавени и дистрибуирани средства за хигиена во сите објекти на детски градинки

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** континуирано

**Буџет**: **1.000.000,00 денари**

## *10. БЕСПЛАТНИ ЧАСОВИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ*

Раното детство е период кога децата учат како да учат и тие пристапуваат кон овој дел од учењето на различни начини. Малите деца, според својата природа, се љубопитни и сакаат да истражуваат. Добро осмислениот амбиент што ги поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето се клучни фактори што го унапредуваат пристапот кон учењето на малите деца. Имајќи ја предвид потребата од користење на светските јазици, особено англискиот, како и фактот дека децата од најмала возраст многу брзо и лесно ги совладуваат јазичните вештини, Општина Центар-Скопје во 2019 година ќе продолжи да обезбедува часови за изучување англиски јазик за децата од градинките. Општина Центар-Скопје во континуитет веќе неколку години обезбедува часови по германски јазик, а од 2015 година ги обезбедува часовите по англиски јазик што се финансирани од Општината.

**Целни групи:** деца од детските градинки од Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Опфатени деца од средна и голема група во сите детски градинки со бесплатни часови по англиски јазик

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар

**Период на реализација:** континуирано

**Буџет**: **100.000,00 денари**

## *11. БАНКА ЗА ХРАНА ВО СКЛОП НА НАРОДНАТА КУЈНА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА*

***ЦЕНТАР***

Во рамките на оваа активност е предвидено справување со сиромаштијата, социјалната исклученост, поддршка и помош на социјално исклучените и сиромашни лица на територија на Општина Центар. Тоа би се изведувало на следниот начин: преку собирање на храна и оброци од донаторите, нејзино евидентирање и складирање во предвиденото складиште во нашиот случај Народната кујна и предавање односно дистрибуција на храната до лицата кои имаат потреба од социјални пакети и оброци, а по претходно ажурирани списоци на лица корисници на социјална помош на територија на општина Центар.
Целта на реализацијата на оваа активност е да се создаде клима и можност за развивање партнерство и соработка помеѓу повеќе релевантни чинители и во таа насока да се влијае на намалувањето на сиромаштијата и социјалната исклученост на социјално загрозените лица и семејстава од Општина Центар, преку проектните активности на имплементаторот за обезбедување, собирање и делење на социјални пакети-храна на социјално исклучените и сиромашни лица, промоција на заедничката борба за справување со сиромаштијата, како и градењето на партнерства помеѓу локалните власти, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата и самите граѓани.

**Целни групи:**

- Жители на Општина Центар кои се во социјален ризик

**Очекувани резултати:**

- Доделени социјални пакети – храна на социјално исклучените и сиромашни лица
- Социјална инклузија на социјално загрозени граѓани на Општината
- Изградени партнерства помеѓу локалните власти, граѓанскиот сектор, бизнис заедницата и самите граѓани

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална и заштита на деца

**Период на реализација**: континуирано

**Буџет**: **300.000,00 денари** - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

***12.АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ВО ГРАДИНКИТЕ***

Во состав на проектните активности, Општина Центар-Скопје ќе го реализира проектот „Активности за намалување на ризици од катастрофи во градинките‟ во соработка со Црвениот крст на Република Македонија. Општина Центар-Скопје, преку инволвирањето на градинката „Кочо Рацин‟, ќе има директна улога во следењето, поддржувањето и имплементирањето на проектот.

Проектот се состои од следниве **четири фази**:
Во **првата фаза** ќе се констатира ранливоста на објектите во состав на сите расположливи капацитети (клонови) во градинката „Кочо Рацин‟ во Општина Центар-Скопје. Тоа вклучува процена на ранливоста и на ризиците на сите објекти на градинката „Кочо Рацин‟, според претходно подготвен прашалник. По завршувањето на процената, стручните лица ќе направат

анализа за нив и ќе се селектира објектот со кој што ќе се работат планираните проектни активности во текот на 2019 година.

**Втората фаза** опфаќа подготовка на прирачници што се наменети за подигнување на свеста на стручниот, воспитно-образовниот кадар и згрижувачкиот тим на градинката, информирање и совети наменети за родителите.
Прирачниците ќе бидат подготвени од стручни лица (педагози, професори, претставници од образовните институции) за проширување на знаењето и позитивните практики за заштита и самозаштита во случај на катастрофа. Ќе се спроведат инфраструктурни активности и намалување на ризиците во воспитно-образовниот систем. При тоа, објектот ќе биде подложен на детална процена со која ќе се утврдат потребите (планови и елаборати за евакуација, панична сигнализација, кутии за прва помош, противпожарни апарати итн.). По утврдувањето на потребите ќе се премине на изработка на планови за евакуација и на елаборати за заштита и спасување, како и инфраструктурни зафати за поставување сигнализација и други потребни материјали (кутии за прва помош итн.) од ангажираните лица.

Во **третата фаза** ќе се изврши:
Обука на тројца претставници од воспитно-образовниот кадар од селектираниот објект на градинката за укажување прва помош во работната организација.
Обука на десет претставници од воспитно-образовниот кадар и на згрижувачкиот тим за заштита и самозаштита во случај на катастрофи (обука за заштита и самозаштита во случај на катастрофа, насочена кон намалување на ризиците од катастрофи, евакуација и промоција на хигиената во градинките, како начини и методи на обука на децата за иста тема).
Обука на 30 деца од објектот за заштита и самозаштита во случај на катастрофи (обука за заштита и самозаштита во случај на катастрофа, насочена кон намалување на ризици од катастрофи, евакуација и промоција на хигиена во градинките).

Во **четвртата фаза** ќе се спроведат практични вежби за примена на евакуациони планови - евакуација (завршна фаза од проектните активности наменети за проверка на стекнатото знаење на децата и на педагошкиот кадар од градинката заедно со сите институции вклучени во системот за заштита и спасување - МВР, ДЗС, ЦУК, Брза помош, Противпожарна бригада, локална самоуправа итн.). Проектот ќе заврши со одржување финална работилница преку едночасовен интерактивен настан за споделување на искуствата заедно со децата од градинката, во кој ќе бидат вклучени учесниците во овој проект, а ќе биде проследен со интересни детски музички содржини.

**Целни групи**: стручниот, воспитно-образовниот кадар, згрижувачкиот тим на градинката, децата од градинката и родителите

**Очекувани резултати**:
- Подигнување на свесноста за заштита и самозаштита во случај на катастрофа, намалување на ризици во воспитно-образовниот систем, во инфрастуктурните објекти.
- Спроведени инфрастуктурни активности и зафати
- Изготвени планови за евакуација и елаборати за заштита и спасување
- Обучени деца, воспитниот кадар и родителите

**Реализатор**: Одделение за социјална и здравствена заштита и заштита на деца при Секторот за јавни дејности на Општина Центар, Црвен крст на Република Македонија

**Период на реализација**: 2019 година

**Буџет**: **120.000,00 денари -** Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

## *13.ПРИДОНЕС НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА ОТВАРАЊЕ НА ДВА СОВЕТУВАЛИШНИ ЦЕНТРИ ВО СКОПЈЕ*

Република Македонија започна со подготовка на процесот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа, за спречување и заштита од сите форми на насилство врз жената и домашно насилство. Според Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, како и Конвенцијата на Советот на Европа за превенција и борба против насилството врз жената и домашното насилство-Истанбулската Конвенција, локалната самоуправа има обврска да придонесе кон превенцијата и заштитата на жените и деца жртви на различни форми на насилство вклучувајќи го и семејното насилство.

Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство во градот Скопје, делува со еден постоечки советувалишен центар, меѓутоа постои реална потреба од отварање на уште два нови советувалишни центри. Претставници од Националната мрежа и Град Скопје ги презентираа потребите за вклучување на општините од Скопсиот плански регион, со одредени буџетски средства за воспоставување и одржливо функционирање на два советувалишни центри за жени и деца, жртви на насилство. Општина Центар ќе се вклучи со другите скопски општини во обезбедувањето на отварање на специјализирани сервиси за жени, жртви на различни форми на насилство вклучувајќи и семејно насилство во Република Македонија. Имено, како најсоодветни две локациски општини, беа утврдени Ѓорче Петров и Аеродром за воспоставување на двата советувалишни центри, кои ќе ги опслужуваат жителите од целокупниот Скопски плански регион.
Овие два советувалишни центри ќе понудат психосоцијална поддршка и советување на семејства кои се во конфликтни односи, во кои акутно се врши насилство или пак во изминатиот период постоело семејно насилство.
Услугите кои се нудат се:

- Советување и поддршка од социјален работник;
- Советување и поддршка од психотерапевт;
- Бесплатни правни совети од правник;
- Упатување и придружба до соодветни институции;

Услугите на Советувалишниот центар се нудат на целото семејство, во кое е детектирано семејно насилство т.е. советувањето е достапно за жртви на семејно насилство, сторителите на семејно насилство како и за деца кои се дел од семејство во кое се врши или се вршело насилство, или се жртви на семејно насилство. Обезбедувањето на одржливоста на овие сервиси/пакети е преку развивање на програми за финасиска поддршка на локално ниво. Односно, специјализираните сервиси би се финансирале преку заеднички фонд на општините кои се дел од еден плански регион. Секоја општина ќе придонесе кон оддржливост на тој фонд преку донирање на средства во зависност од големината на општината, бројот на жители и финансиската моќност на самата општина.

Советувањето го врши професионален тим од психотерапевти, каде што еден психотерапевт работи индивидуално со еден клиент на 3 до 4 иницијални средби, по што се преминува на

групна работа со тим од два психотерапевти. Доколку кај клиентот групната работа не е соодветна, или не се согласува на истата, советувањето се продолжува индивидуално.
Во центарот, советување може да побара секој оној кој смета дека во неговото/нејзиното семејство постои ризик од семејно насилство, бил/а жртва или сторител на насилство во рамките на семејството. Исто така, услугите ги добиваат и лица препратени од Центарот за социјална работа и Здруженија на граѓани кои работат со семејно насилство.
Советувањето е бесплатно и доверливо. Советувањето може да биде доброволно, по барање на клиентите, а може да биде и задолжително по изрекување на соодветна мерка. Вакви мерки се: привремени мерки за заштита во случаи на семејно насилство, кои може да се изречат од страна на судот и се однесуваат на: Предлог мерка за посетување советувалиште, и изречена мерка за посетување советувалиште кои се предлагаат т.е. изрекуваат на сторителот на семејно насилство. Доколку и покрај овие мерки, сторителот не посетува советување, другите членови на семејството т.е. жртвата и децата (доколку ги има) продолжуваат да работат со терапевтите до крајот на процесот на советување.
Советувањето на деца кои се дел од семејство каде што се врши или се вршело насилство, или се жртви на семејно насилство се врши само со одобрение од родител/ старател, и се однесува само на деца на возраст до 18 години. Полнолетните деца можат да дојдат доброволно на советување доколку се жртви на семејно насилство.

**Целни групи:** Сите членови на семејството во кое е детектирано семејно насилство, односно, во советувалишниот центар ќе се работи со жртвата, сторителот и децата кои се најчесто индиректни жртви.

**Одговорен за реализацијата:** Одделение за социјална, здравствена и детска заштита од Општина Центар

**Очекувани резултати:**

- Обезбедена примарна помош, советување, психо-социјална помош и поддршка на жртвата, како и одговор на нејзините потреби кои настанале како резултат на живеењето во насилна заедница, имајќи предвид дека мерките за заштита се неопходни за да се заштити физичкиот и психолошкиот интегритет на жртвата и да се овозможи нејзино зајакнување, односно осамостојување.

**Период на реализација:** континуирано во текот на цела година

**Буџет**: **200.000,00 денари**

## 14.*МЕСЕЦ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА „АЈДЕ ДА ЈА ЗАПОЗНАЕМЕ ФРАНЦИЈА"*

Во рамките на одбележувањето на „Денови на франкофонија во Република Македонија" ќе се вклучи и Општина Центар со разни активности во детските градинки. Општина Центар го поддржува значењето на францускиот јазик, култура и вредности, преку одржување на голем број на интерактивни работилници и забавни активности за децата од градинките. Францускиот

јазик е јазик на културата и модерното време и е на трето место по застапеност на интернет, по англискиот и германскиот јазик.
Овој проект е поддржан од Француското институт во Скопје кој ќе помогне во реализирањето и финансирањето на истиот.
Центарот кој што е опремен со медијатека и мултимедијална опрема ќе биде отворен за посета за децата од големите групи од градинките во тој период, за да имаат можност да бидат во допир со францускиот јазик и култура уште од најрана возраст.
Прва фаза – децата ќе можат да имаат едночасовни активности во Францускиот институт во присуство на нивните воспитувачи. Вработените од Францускиот институт ќе ги запознаат со познати детски ликови од француските сликовници и книги за деца, ќе имаат можност да играат во детското катче и да проследат француски анимирани филмови.
Втора фаза – Во месецот на франкофонијата ќе бидат поставени франкофонски катчиња во детските градинки во Општина Центар. Децата на тој начин во месецот на франкофонијата ќе можат да се запознаат со интересни изданија на сликовници, друштвени игри, енциклопедии и други едукативни книги од современото француско книго издаваштво. Ќе се прикажуваат интересни анимирани филмови во објектите на градинките и ќе се организираат работилници со педагошкиот кадар и родителите.
Трета фаза - Организирање на настан во една од градинките која што ќе биде поддржана од Францускиот институт - Скопје за организирање на финален настан, поврзан со Деновите на франкофонијата. Средствата ќе можат да се искористат за потршни средства за детската приредба (маички, боички, хартија колаж, прехранбени продукти и др.) пред родителите и претставници од Општината и Францускиот културен центар.

**Целни групи:** децата од детските градинки во Општина Центар-Скопје

**Очекувани резултати:**

- Запознавање и зголемена информираност со францускиот јазик, култура и творештво, стил и префинетост, уште од најмлада возраст. Приближување на библиотеката кон децата и искачување на едно скалило погоре во смисла на осовременување и квалитет во воспитувањето и образованието.

**Реализатор:**

- Сектор за јавни дејности - Одделение за здравствена, социјална заштита и заштита на деца
- Детски градинки во Општина Центар-Скопје

**Период на реализација:** март - април 2019 година

**Буџет**: **30.000,00 денари** - Проектот ќе се реализира доколку се обезбедат средства од надворешни субјекти (донации).

| РЕД. БР. | АКТИВНОСТ | ПЕРИОД НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНИ СРЕДСТВА (денари) |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА НОВОРОДЕНЧИЊА ШТО СЕ РОДЕНИ ВО ТЕКОТ НА 2019 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 2.500.000,00 |
| 2 | ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ЖИВОТ НА ПОВОЗРАСНИТЕ ЛИЦА И НИВНО ИНТЕГРИРАЊЕ ВО ОПШТЕСТВЕНИОТ ЖИВОТ | континуирано | 0,00 |
| 3 | СЕРВИС ЗА СТАРИ ЛИЦА | континуирано | 4.500.000,00 |
| 4 | ПРАВО НА ФИНАНСИСКА ПОМОШ И ПОДДРШКА НА ЖИТЕЛИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 2.500.000,00 |
| 5 | ИНКЛУЗИЈА НА ДЕЦА РОМИ ВО ЈАВНИТЕ ОБРАЗОВНИ УСТАНОВИ – ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | континуирано | 0,00 |
| 6 | НАГРАДИ ЗА НАЈДОБРИ ВОСПИТУВАЧКИ, НЕГУВАТЕЛКИ И СТРУЧНИ (СО)РАБОТНИЦИ ВО ЈАВНИТЕ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ | Февруари–Јуни 2019 | 500.000,00 |
| 7 | КРЕИРАМЕ – СОЗДАВАМЕ! | Во текот на календарската година | 0,00 |
| 8 | ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИОТ ДЕН ЗА ЗДРАВА ХРАНА | Септември-Октомври 2019 | 0,00 |
| 9 | ПАРТИЦИПАЦИЈА НА СРЕДСТВА ЗА ХИГИЕНА | континуирано | 1.000.000,00 |
| 10 | БЕСПЛАТНИ ЧАСОВИ ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ | континуирано | 100.000,00 |
| 11 | БАНКА ЗА ХРАНА ВО СКЛОП НА НАРОДНАТА КУЈНА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР | континуирано | 0,00 |
| 12 | АКТИВНОСТИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ОД КАТАСТРОФИ ВО ГРАДИНКИТЕ | континуирано | 0,00 |
| 13 | ПРИДОНЕС НА ОПШТИНА ЦЕНТАР ЗА ОТВАРАЊЕ НА ДВА СОВЕТУВАЛИШНИ ЦЕНТРИ ВО СКОПЈЕ | континуирано | 200.000,00 |
| 14 | МЕСЕЦ НА ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ФРАНЦУСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА „АЈДЕ ДА ЈА ЗАПОЗНАЕМЕ ФРАНЦИЈА“ | Март-Април 2019 | 0,00 |
| | | **ВКУПНО** | **11.300.000,00** |

## ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА

1. *Инклузија на граѓани од ранливи категории*

2. *Инклузија на сите деца во предучилишниот образовен процес*
3. *Унапреден систем за социјална и здравствена заштита на локално ниво*
4. *Социјални услуги достапни за граѓаните од ранливи категории на локално ниво*
5. *Еднакви можности за сите социјални категории*
6. *Безбедна средина за учење и дружење*

**ФИНАНСИРАЊЕ**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма во износ од **__11.300.000,00___** денари е предвидено со Буџетот на Општина Центар за 2019 година.
Определени финансиски средства може да бидат обезбедени и од спонзорства и од донации.
За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2019 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Центар.

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осум (8) дена од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје", а ќе се применува од 1.1.2019 година.

Бр.- ___________
______2018 година

**Совет на Општина Центар-Скопје**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Јана Белчева Андреевска**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во функција на имплементација на законите, кои владеат во Република Македонија, од областа на здравствената, социјална и детска заштита, Општина Центар подготвува Програма за соодветно и успешно обезбедување на задравствена, социјална и детска заштита на своите граѓани од разклични категории, преку развивање и реализирање на најразновидни форми и облици на активности според потребите на граѓаните кои живеат во нашата општина.
Со Програмата за здравствена, социјална заштита и заштита на деца за 2018 година се продлабочува и унапредува системот на здравствена и социјална заштита за обезбедување и задоволување на потребите на граѓаните.
Покрај Законот за социјална заштита, релевантни при подготовка на Прогрмата се и Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на деца и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа кои ја дефинираат правната рамка во процесот на децентрализација, начините и изворите за финансирање.

Основни начела на кои се заснова оваа програма се:

- Социјална праведност и солидарност;
- Социјални услуги достапни за сите лица кои припаѓаат на маргинализирани категории;
- Посебна грижа и заштита на семејството и на децата особено на оние без родители и родителска грижа

Вредности и принципи на кои почива Програмата на Општина Центар за социјална и детска заштита:

- *Најдобри интереси на корисниците* - услуги кои во најголема мера се усогласени со потребите на корисниците со почитување на човековите права и достоинство;
- *Достапност на услугите на корисниците* – обезбедување на услови и развивање на услуги да граѓаните своите потреби приоритетно ги задоволуваат во средината во која живеат, на локално ниво;
- *Партиципација, одговорност и самостојност на корисниците*- обезбедување на учество на корисниците во донесување на одлуки за начинот на задоволување на потребите, продуктивен живот во заедницата и предупредување од зависност од социјалните служби;
- *Континуитет на заштита и можност на избор на услуги и даватели на услуги* – развивање разновидни услуги во рамките на јавниот, невладиниот и приватниот сектор.

Со оваа Програма се предвидени активности и проектни кои се насочени кон подобрување на состојбата и квалитетот на живот на следните целни групи: стари лица, новородени деца во тековната година, лица жртви на насилство, лица во социјален ризик, невработени лица, лица од различни етнички заедници, деца опфатени во предучилишните установи (детски градинки), кадри вработени во предучилишните установи (детски градинки).

**ОПШТИНА ЦЕНТАР Скопје**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Саша Богдановиќ**

______________________________